вечер ...1963



КУЛТУРА

И по три децении „Пред дождот“ актуелен и емотивно силен; Златна гала премиера на филмот на Милчо Манчевски

Од страна на **Вечер** - 10/12/2024 - 15:56 683

Сподели

На Златната гала-премиера во Македонската филхармонија, пред публиката се поклонија реномираниот македонски режисер и дел од екипата, меѓу која актерите: Раде Шербеџија, Петар Мирчевски, Силвија Стојановска, Катерина Коцевска, Александар Микиќ, Сузана Киранџиска, музичарот Златко Ориѓански, дизајнерот на продукција Дејвид Манс… Манс, претходно посочи дека „филмот се занимава со универзални теми – една од причините поради која, одекна на меѓународно ниво и постигна толку голем успех, многу проучувања и размислувања…“

И по 30 години, кога на големото платно се гледа филмот на Милчо Манчевски „Пред дождот“ предизвикува силна емоција заради темата, структурата, камерата, музиката, актерската игра и докажува дека е едно од најдобрите македонски остварувања. Долгиот аплауз на публиката го потврди тоа на синоќешната проекција во Македонската филхармонија, на која се одбележаа 30 години од создавањето на филмот, при што пред присутните се поклонија реномираниот македонски режисер и дел од екипата, меѓу која актерите: Раде Шербеџија, Петар Мирчевски, Силвија Стојановска, Катерина Коцевска, Александар Микиќ, Сузана Киранџиска, музичарот Златко Ориѓански, дизајнерот на продукција Дејвид Манс, директорот на фотографија Мануел Теран, монтажерот Николас Гастер. На Златната гала-премиера на „Пред дождот“ присуствуваа голем број личности од културниот и политичкиот живот на нашата држава, како и претставници на дипломатскиот кор во земјава.

НАСЛОВНА

Број 18.686

ИЗДВОЕНО ФОТО

Не сакам да играм со тебе повеќе

АРХИВА

декември 2024
ноември 2024
октомври 2024
септември 2024
август 2024
јули 2024
јуни 2024
мај 2024
април 2024
март 2024
февруари 2024
јануари 2024
декември 2023
ноември 2023
октомври 2023
септември 2023
август 2023
јули 2023
јуни 2023
мај 2023
април 2023
март 2023
февруари 2023
јануари 2023
декември 2022
ноември 2022
октомври 2022
септември 2022
август 2022
јули 2022
јуни 2022
мај 2022
април 2022
март 2022
февруари 2022
јануари 2022
декември 2021
ноември 2021
октомври 2021
септември 2021
август 2021
јули 2021
јуни 2021
мај 2021
април 2021
март 2021
февруари 2021
јануари 2021
декември 2020
ноември 2020
октомври 2020

Пред проекцијата, пак, на која се прикажа реставрираната копија, преку сцени од „Пред дождот" се оддаде почит на сите актери кои веќе не се меѓу нас, како: Мето Јовановски, Игор Маџиров, Владимир Ендровски, Катрин Картлиџ, Кирил Ристоски, Јосиф Јосифовски, Илко Стефановски, Љупчо Тодоровски-Упа, Благоја Спиркоски-Џумерко, Абдурахман Шала…, но и оние кои оставиле печат врз филмот како Вања Лазарова, која во соработка со групата „Анастасија", ја отпеа „Со маки сум се родила". Публиката преку видеозапис се потсети и на моментите кога Манчевски со филмот ги постигнува најголемите успеси – во 1994 година кога „Пред дождот" триумфираше во Венеција и го освои „Златниот лав" за најдобар филм, како и номинацијата за Оскар за најдобар странски филм.

Сцена од „Пред дождот"

Филмот е актуелен и по три децении од неговото создавање, во свет каде што секојдневно сме сведоци дека се разгорува нов воен конфликт, има нова братоубиствена војна… И да нема причина за војна, ќе се најде, е една од репликите во филмот.

Универзалните теми кои ги обработува беа посочени и од дел од екипата што допатува во Македонија за прес-конференцијата одржана пред гала-проекцијата на „Пред дождот".

Филм на Милчо Манчевски
Пред дождот
30
jana
ZLATEN DAB

„Филмот се занимава со универзални теми – една од причините поради која, одекна на меѓународно ниво и постигна толку голем успех, многу проучувања и размислувања. Филмот поставува прашања и изискува од публиката да размислува и да креира сопствено мислење. Живот и смрт, конекции и односи, љубов и јазик, слики и зборови. Брилијантно сценарио, приказна, слики, емотивен пејзаж…", рече долгогодишниот соработник на Манчевски, и оскаровец, дизајнерот на продукција Дејвид Манс.

И за монтажерот Ник Гастер, „Пред дождот" е важен филм на повеќе нивоа. „Сценариото и концептот на Милчо се ремек-дело, одлично реализирани преку маестралната актерска игра, дизајнот на продукција, музиката и фотографијата. Ослободување на креативна енергија. За време на снимањето, темата на филмот,

септември 2020
август 2020
јули 2020
јуни 2020
мај 2020
април 2020
март 2020
февруари 2020
јануари 2020
декември 2019
ноември 2019
октомври 2019
септември 2019
август 2019
јули 2019
јуни 2019
мај 2019
април 2019
март 2019
февруари 2019
јануари 2019

ужасот од распаѓањето на прогресивните политичко-идеолошки процеси и повлекувањето во племенското, нешто што е премногу релевантно денес, беше во извонреден контраст со прекрасната хармонична екипа, составена од сите делови на поранешна Југославија и светот“, посочи Гастер.

Присутните актери на прес-конференцијата, пак, евоцираа спомени околу работата на филмот.

Хрватскиот актер Раде Шербеџија, за кого била специјално пишувана главната улога, раскажа дека откако го добил сценариото од Манчевски во Лондон истата ноќ двапати го прочитал и веќе следниот ден се сретнал со режисерот каде што му рекол дека сценариото е фантастично. Актерката Катерина Коцевска била пресреќна кога ја добила улогата. „По 30 години сè уште ја носам во себе истата радост, што благодарение на Милчо имав мал удел во еден од најдобрите филмови на сите времиња на светот. Не станав славна како Раде, но затоа можам да се пофалам дека сум снимила, речиси љубовна сцена со него… во која ме одби“, рече таа. И актерката Силвија Стојановска чувствува огромна благодарност што е дел од филмот: „Денес по 30 години, филмот сè уште претставува инспирација за нови генерации филмски уметници. „Пред дождот“ е филмско и културно наследство што Милчо ѝ го остава на Македонија“, истакна Стојановска.

Сцена од филмот „Пред дождот“

На Златко Ориѓански, еден од композиторите на музиката, пак, „Пред дождот“ денес му се чини како сон. „Еден мој пријател вели, да, ама тој сон е влезен во нашата колективна меморија… за сите времиња“, рече Ориѓански.

И режисерот Милчо Манчевски се потсети на почетоците на „Пред дождот“. „Јас бев преокупиран филмот да се направи, затоа што воопшто не беше сигурно дека филм ќе има. Две недели после почетокот на снимањето, проектот речиси ќе се распаднеше, тешко се работеше, така што не размислував околу тоа дали ќе стигне до едно вакво убаво место. Од друга страна, секогаш верував во тоа што го правам и мислев дека е само прашање на време филмот, и кој било филм кој го работам, кога ќе излезе да биде успешен“, кажа Манчевски. Додаде: „Луѓе ме прашуваат зошто во моите филмови нема повеќе среќни завршетоци. Денес, 30 години по успехот на „Пред дождот“, мене ми е забрането да снимам во Македонија. Уживајте во претставата“. **(Н.И.Т.)**

Фото: S.Плавевски

Претходна објава
Вучиќ: „Не сум Асад, нема да бегам!“

Следна објава
ЕК бара Црна Гора да им го одземе државјанството на лицата под санкции

ПОВРЗАНИ ОБЈАВИ ПОВЕЌЕ ОД АВТОРОТ



Сто години од раѓањето на академикот Крум Томовски -човекот кој го афирмираше нашето народно градителство



Новогодишната музичка идила со Симон и пријателите – бесценет празничен подарок / ФОТОГАЛЕРИЈА



Со квалитетна програма и врвни уметници „Охридско лето“ ќе создава нова и млада публика

вечер

Сите содржини и објави на vecer.press се авторско право на редакцијата. Делумно или целосно преземање не е дозволено. Редакцијата на vecer.press не сноси никаква одговорност за коментарите и споделувањата на социјалните мрежи, бидејќи се генерираат преку Facebook, Twitter и други, и за нив важат правилата и условите на социјалната мрежа. Објавените содржини се авторска сопственост на vecer.press

Контактирајте нè: info@vecer.press

НАЈНОВИ ВЕСТИ

Започнува најдолгата ноќ во годината! Зимата пристигна, подгответе се за студени...

21/12/2024 - 18:10

Вучиќ ја претстави програмата: Србија ќе субвенционира купување станови за млади...

21/12/2024 - 17:58

Скопјани добија вода – дефектот е саниран побрзо од предвиденото

21/12/2024 - 17:41

КАТЕГОРИИ

МАКЕДОНИЈА	64919
СВЕТ	50183
СПОРТ	34965
ЕКОНОМИЈА	29855
LIFE	20264
БАЛКАН	19126
СКОПСКА	18277
ФУДБАЛ	17231
ТОП 5	13527